**УДК 323.215-021.388(497.7)„1991/2008“**

**Љупчо С. Ристески (Македонија)**

# ЕСЕЈ ЗА ПРАЗНИЦИТЕ. ТРАНСФОРМАЦИЈА НА ПРАЗНИЧНИОТ КАЛЕНДАР ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОД 1991 ГОДИНА ДО ДЕНЕС

*Апстракт:* Процесот на повторно менаџирање со празниците во Република Македонија започна веднаш по нејзиното осамостојување и тој до денес динамички се случува и има неколку важни карактеристики. Како секој процес на менаџирање, така и овој требаше да биде едно сеопфатно редефинирање на празничниот систем, според постулатите на демократските, плуралистичките, десекуларизаираните општества. Во текстот се прави анализа на динамиката и карактеристиките на трансформацијата на празничниот календар во Република Македонија од 1991 година до денес (2008 г.).

*Клучни зборови:* менаџирање со празници, празничен календар, Република Македонија, трансформација.

Празниците се најверојатно најубавото и најпосакуваното нешто за луѓето. За современите, а сигурен сум и за традициските општества, тоа е така, најпрво заради тоа што се неработни денови, а тоа подразбира дека луѓето треба да се посветат на празникот, на божествата, на предците, на државата, на хероите, на себеси, на идните поколенија. Второ, празниците треба да им овозможат на луѓето да остваруваат дел од своите општествени активности кои ги прават да се чувствуваат себеси и своите блиски како членови на една заедница, да бидат заедно, да бидат ангажирани во одбележувањето на сопствената традиција, почитувањето на сопствената сегашност и градење на иднината, а во истовреме и да се разликуваат од другите, останатите, од кои се очекува, во најмала рака да бидат поразлични од нив.

Знам дека претходниот пасус прозвучува колку популистички, патриотски исто толку и пролетерски, но го напишав со цел во овој текст да ја пренесам барем дел од општествената клима во современото македонско општество во врска со празниците и празнувањето.

Штотуку заврши еден подолготраен период исполнет со празници, Велигден и 1 мај. Оваа година празникот Велигден според календарот на Македонската Православна Црква се празнуваше на 27 април. За прв пат, според новиот Закон за изменување на Законот за празниците на Република Македонија (Закон за изменување на Законот

за празниците, бр. 18/2007), за празник, а со тоа и неработен ден за припадниците на православната религија, беше прогласен и Велики Петок (25 април). Само неколку дена потоа, следуваше празнувањето на 1 мај, Денот на трудот. Оваа година, повторно според новиот Закон за изменување на празниците во РМ, овој празник го празнувавме само еден ден, наместо некогашните два, први и втори мај. Овој пат требаше, сите оние што досега, 'традиционално' го прославуваа со втoромајски излет и скара, тоа да го направат на Први мај.



Прослава на 1 Мај, 2008 г.

***

Културното менаџирање со вкупните општествено-политички, економски активности во современите држави најчесто е организирано во рамки на државните институции одговорни за различни сегменти од неговото што поуспешно реализирање. Во овие процеси освен државните институции учествуваат и други, како што се институциите од областа на религијата, некои интелектуални кругови кои, се претпоставува, посебно во секуларизираните и демократски држави дека дејствуваат независно (Klaus 2000: 85-89). Во државните институции, исто така, насоките на дејствување зависат од влијанијата на определени центри на политичка моќ и на политичките елити во зависност од нивната политичка ориентација. Се разбира, овие промени на „високо ниво" се одразуваат врз секојдневното живеење и тоа во различни сфери. Празниците, колку и да звучи банално, се исклучително значаен сегмент од овој важен процес на менаџирање на календарите, поточно датумите, како и со протежирањето на одредени специфични форми и содржини на одбележување на празниците согласно одредена политичка ориентација (Abeles 2001; Rihtman-Auguštin 2000; Žirarde 2000; Čolovič 2000).

Република Македонија, од периодот на нејзиното осамостојување во 1991 година, влезе во нова фаза на нејзиното постоење, која покрај многуте други и исто толку важни карактеристики, сè уште ја има најважната карактеристика на *земја во транзиција*, и тоа во повеќе погледи. Република Македонија, иако тоа се однесуваше и на периодот од последните години на Социјалистичка Федеративна Република Југославија (СФРЈ), сè уште го живее тој долг и исцрпувачки процес на транзиција, чиишто резултати ги живеевме уште во времето на распаѓањето на СФРЈ, создавањето на новите независни држави, ги живееме сè уште поради квантитативните и квалитативниате промени што се случуваат во нашето културно и општествено-економско живеење. Живи сведоци сме на промените кои ни се случуваа во времето на доцниот социјализам и промената од еднопартиски систем во плуралистички општества. Го одживеавме времето на распаѓањето на заедничката држава и создавањето на новите независни држави, не само во потесниот балкански туку и во поширокиот југоисточновропски конктекст со сите воени и кризни премрежја што ни се случуваа.

Сите овие промени во културниот, општество-политичкиот и економскиот живот предизвикуваат секојдневниот живот да има динамика, која погледнато од денешна перспектива station наназад, во случајот со Македонија, има навистина високо ниво на интензитет. Празниците и празнувањето се еден од најважните сегменти на секојдневното живеење, но и една од најважните форми на исполнување и изразување на идентитетот, како на индивидуално, семејно така и на колективно ниво, кое може да има повеќе различни нивоа: ниво на локална заедница, ниво на етничка заедница, ниво на државна заедница, како и ниво на интрадржавна и интранационална заедница.

По распаѓањето на СФРЈ и воспоставувањето на новите демократски држави, една од најважните работи на културниот и политичкиот менаџмент беше воспоставување нови структури во општествениот, политичкиот и економскиот систем. Во процесот на културно и политичко менаџирање освен државните власти, се вклучија некои од интелектуалните елити во Македонија. Значајно место во овој процес од 1991 имаат и црковните институции, кои за разлика од претходните крајно секуларизирани и речиси атеистички општествени системи, започнаа интензивен процес на менаџирање, што значеше повторно враќање на јавна сцена на верските институции во Република Македонија, што практично започна од нивното внесување во Уставот на Републиката, потоа активирањето на процесот на денационализација и враќање на имотите на религиските институции, па сè до актуелизирање на прашањето за воведување на верско образование во образовниот систем во Република Македонија, чијашто правна и формална разврска се очекува да се случи во текот на оваа, 2008 година.

Процесот на менаџирање со празниците во Република Македонија започна веднаш по нејзиното осамостојување и тој до денес динамички се случува и има неколку важни карактеристики. Како секој процес на менаџирање, така и овој требаше да биде едно сеопфатно редефинирање на празничниот систем, според постулатите на демократските, плуралистичките, десекуларизаираните општесетва. Прв чекор во овој менаџментски потфат беше воспоставување стратегија за елиминација и заборавање, понекогаш дури и бришење на празниците од колективната меморија на граѓаните, кои беа на било каков начин поврзани со минатото на претходната заедничка држава, а тоа беше: социјалистичко, што значи лево ориентирано, прокламирачко атеистичко оппштество, со политички еднопартиски систем, и идеја за негување на заеднички југословенски национален идентитет. Се разбира, овој процес на елиминација не се случуваше секогаш нагло, туку има одредена линија на опаѓање (парабола), која покажува дека сè уште во празничниот циклус на РМ може да се забележат елементи на празнување на некои од празниците од времето на социјалистичка Југославија, како и елементи на социјалистичко празнување во денешни услови. Сè уште се забележливи групи граѓани, некои организирани во граѓански здруженија за почитување на вредностите на социјалистичка Југославија, други индивидуално, како одбележуваат одредени празници од тоа време. Она што е позначајно, во празнувањето на современиот празничен циклус во РМ, како што споменавме, сè уште може да се забележат елементи на социјалистичко празнување, за што често пати во медиумите, во асоцијациите или, пак, граѓаните меѓусебно се обвинуваат за практикувањето на т.н. социјалистичко празнување. Тешко е во неколку реченици да се објасни тоа *социјалистичко празнување,* освен доколку тоа некој лично не го доживеал или сè уште не го доживува. Ќе споменеме неколку негови елементи: улогата на медиумите во менаџирањето на празничниот циклус, и тоа на многу специфичен начин, кој во последнава година е многу интензивен – информирање, поточно едуцирање на граѓаните за претстојниот празник (одбележување) во форма на пишана изјава пренесувана на ТВ во форма на движечки телоп, на чијшто крај вообичаено во потпис стои Влада на Република Македонија, а понекогаш дури и Премиер на Владата на РМ – Никола Груевски. Понатаму, друг важен елемент на социјалистичкиот начин на празнување е организирањето на т.н. настани или хепенинзи, со специфично изработен мизансцен, за чија симболика би требало да се пишува и анализира за секој елемент одделно, настан кој вообичаено започнува со некаков говор, или спротивно на овој начин, организирање свечени академии каде повторно се организира поздравен говор, рецитал, се интонира химна, присутни се претставници на државните институции, на религиските институции, на политички партии и сл. Секогаш, овие настани имаат специфична

реторика која во голема мерка личи на онаа од времето на социјалистичките празници.

Динамиката на бришење или заборавање на празниците од претходниот општествен систем зависеше, исто така, и од карактерот на празниците. Во тој процес на менаџирање со корпусот празници, беа исфрлени, веднаш по прогласувањето на независноста на РМ, државните празници кои ја одбележуваа државноста на претходната држава. Така, празникот 29 ноември – денот на државноста на СФРЈ веќе не беше актуелен за новосоздадените држави, посебно за оние кои веќе не сакаа да имаат „никаква историска врска“ со претходната држава. Спротивно на нив, во Сојузната Република Југославија (СРЈ), во која по 1991 година останаа Србија и Црна Гора, а која себеси се прокламираше како наследничка на поранешната СФРЈ не беше случај 29 ноември така лесно да се избрише од календарот на празниците кои ја одбележуваа државноста на Југославија. За друг дел од празниците, кои покрај нивното поврзување со поранешната држава, а ги одбележуваа настаните од народно - ослободителната борба, потоа антифашистичката борба како и други меѓународни празници беа ставени под лупата на преиспитување на нивната валидност како празници кои треба или не треба да се празнуваат во новата демократска држава Македонија. Се разбира, тоа предизвикуваше и предизвикува сѐ уште жестоки дискусии во македонската јавност за нивно отстранување или продолжување со нивното одбележување. Преговорите во врска со историските значења на некои од овие празници за Македонија може единствено да се сфатат во пошироки општествени рамки, доколку се знае дека и во Македонија, како и во државите во поширокиот регион се случува повторно препрочитување на историјата. Денес, можеби има многу повеќе новововедени настани и празници во празничниот циклус, отколку што има избришани. Тие се однесуваат на лица и настани за кои, според новите препрочитувања на историјата, неправедно биле запоставени или дури и осудувани во времето на социјализмот. Најчесто тоа се настани или лица кои јавно ги прокламирале своите ставови за независна Македонија, наспроти оние за нејзино вклучување кон Југословенската федерација. Се разбира, има и такви кои сѐ уште се под сомнение дали биле „на вистинската“ страна во идеите за иднината на Македонија.

Иако динамиката на промените на празничнуиот циклус во Р. Македонија се чини интензивна, на формален план, може да се рече, дека на властите не им се брзало многу. Дури во 1998 година, што значи седум години по прогласувањето на независноста на РМ, е донесен новиот Закон за празниците на Република Македонија (Закон за празниците … бр. 21/98, 08.05.1998 г.) со што престанал да важи Законот за државните празници на Социјалистичка Република Македонија (Закон за државните празници ... бр. 16/65 и 15/72), од 1965 и 1972 и Законот за

празниците на Социјалистичка Федеративна Југославија (Закон за празниците бр. 6/73) од 1973 година. Во 2007 г. донесен е Закон за изменување на Законот за празниците на Република Македонија (Закон за изменување на Законот за празниците … бр. 18/2007) од 1998 г.

Со Законот за празниците во РМ од 1998 г. утврдени се следниве категории празници: *државни празници на РМ*, *празници на РМ* и *неработни денови во кои се празнуваат религиозните празници на припадниците на христијанската, исламската и еврејската заедница*. Во категоријата државни празници се: 2 Август – Ден на Републиката, 8 Септември – Ден на независноста и 11 Октомври – Ден на народното востание. Празници на Република Македонија се: 1 и 2 Јануари – Нова година, и 1 и 2 Мај – Ден на Трудот. Од верските празници што се празнуваат и се неработни денови се: првиот ден на Божик, вториот ден на Велигден – за верниците од христијанска вероисповед, потоа првиот ден на Рамазан Бајрам и првиот ден на Курбан Бајрам за верниците од исламска вероисповед. За припадниците на еврејската заедница се празнува првиот ден Јом Кипур (Закон за празниците… бр. 21/98 од 08.05.1998 г.). Со Законот за изменување на Законот за празниците донесен во 2007 г. воспоставени се следниве категории празници: *државни празници на РМ*, *празници на РМ и празници и неработни денови за верниците и припадниците на другите етнички заедници. Во категогиријата државни празници* се утврдени: 24 Мај „Св. Кирил и Методиј“ – Ден на сесловенските просветители; 2 Август – Ден на Републиката; 8 Септември – Ден на независноста; 11 Октомври – Ден на народното востание; 23 Октомври, Ден на македонската револуционерна борба и 8 Декември „Св. Климент Охридски“. Како празници на Република Македонија се: 1 Јануари – Нова Година; Божик, првиот ден на Божик, 7 јануари според православниот календар; Велигден, вториот ден на Велигден според православниот календар; 1 Мај – Ден на трудот и Рамазан Бајрам, првиот ден на Рамазан Бајрам. Во категоријата празници кои се неработни денови за припадници од различни верски и етнички заедници се:

а) За верниците од православна вероисповед: Бадник, ден пред Божик; 19 Јануари, Богојавление (Водици); Велики Петок, петок пред Велигден; 28 Август, Успение на Пресвета Богородица (Голема Богородица) и Духовден, петок пред Духовден.

б) За припадниците на муслиманската вероисповед: Курбан Бајрам, првиот ден на Курбан Бајрам.

в) За припадниците на албанската заедница: 22 Ноември, Ден на албанската азбука.

г) За припадниците на турската заедница: 21 Декември, Ден на настава на турски јазик.

д) За припадниците на еврејската заедница: Јом Кипур, првиот ден на Јом Кипур.

ѓ) За верниците од католичка вероисповед: првиот ден на Божик, вториот ден на Велигден и Празникот на сите светци, според Грегоријанскиот календар.

е) За припадниците на српската заедница: 27 Јануари, Свети Сава.

ж) За припадниците на ромската заедница: 8 Април, Меѓународен ден на Ромите.

з) За припадниците на влашката заедница: 23 Мај, Национален ден на Власите.

ѕ) За припадниците на бошњачката заедница: 28 Септември, Меѓународен ден на Бошњаците.

***Етнологот – аналитичар, првосвештеник, чувар на традицијата, нејзин демистификатор или дел од интерпретативниот инструментариум на културниот менаџмент на празниците***

Доколку се направи само една површна, несистематска анализа на известувањето на медиумите во РМ во врска со празниците може да се дојде до неколку интересни согледувања во врска со местото и улогата на етнолозите[*] во целата оваа сложена ситуација со празниците. Во периодот по 1991 година е сè позабележително учеството на етнолозите во одбележувањето на празниците, посебно во разни прилики зборувајќи за карактеристиките на празниците. Не ми е познато, дали досега, етнолози од Македонија учествувале во некои од телата на државната администрација при донесувањето на одлуките, односно Законите во врска со празниците, или дали барем некои од нив биле консултирани за некои прашања кога требало или треба да се донесат одлуки во врска со празниците. Сепак, мислам дека етнолозите денес имаат активно учество во менаџирањето со празничниот циклус, ако не на ниво на државниот или политичкиот менаџмент, тогаш барем на интелектуално ниво.

---

[*] Тука велам етнолози, а не антрополози, зашто во Македонија, како впрочем и во поголемиот дел од југоисточно европскиот простор, антрополозите, доколку ги имаше во периодот на социјализмот, се занимаваа само со биофизичка антропологија. Значи, во доменот на етнолозите беше проучувањето на празниците и обредите поврзани со нив. Проучувањето на празниците, главно беше насочено кон традициските култури, и мислам, проучувања на празниците во периодот на социјализмот до падот на социјализмот речиси и не постоеја. Повеќето анализи на симболиката и значењата на празниците во времето на социјализмот се направени по 1991 година. Но, она што е поважно е тоа што не постојат никакви истражувања за местото и улогата на етнолозите во социјализстичка Југославија во културниот менаџмент со празниците, какви што, на пример има за Советскиот Сојуз и Бугарија (Rot 2000: 92-94).

Медиумите денес имаат значајно место во спроведувањето на културниот менаџмент за празниците во Македонија, а се разбира честопати отвораат и теми и дилеми во врска со одредени отворени прашања во врска со нив. Сепак, медиумите, особено оние „под закрила“ на државата ја следат веќе зацртаната линија на културниот менаџмент на власта. Така, освен информативен, медиумските презентации за празниците имаат и образовен карактер, како и карактер на формирање на општо јавно мислење и ставови. При одбележувањето на празниците, посебно оние од верскиот или традиционалниот обреден календар, најчесто на медиумите се повикува и етнолог. Морам да заклучам дека, во Република Македонија, етнолозите во јавната сфера, во медиумите посебно, се познати речиси исклучително само по нивните толкувања на празниците. За ниту едно друго прашање јавноста во Македонија, тука мислам на медиумите, не најдуваат за сходно да ги консултираат етнолозите и за други, многу порелевантни прашања од сферата на општествените и културните случувања. Сакам само да појаснам, прашањето за празниците јас не го сметам за помалку релевантно и предизвикувачко за етнолозите, туку дека така како што најчесто е поставувано од страна на новинарите во медиумите, ги става етнолозите во позиција себеси да се чувствуваат доста непријатно. Многумина мислат дека етнолозите се тие коишто „знаат сѐ“ за празниците, за традицијата. Така и се поимаат, како најголеми заштитници и чувари на традицијата, дури и по цена кога таа се изумува, се преосмислува, се возобновува*. Често пати и самиот сум се нашол во позиција кога треба само да го потврдам одговорот на веќе поставеното прашање и одговор на новинарот за автохтоноста, ексклузивноста, неповторливоста на „нашата традиција и нашите празници“. Така, етнологот често пати е ставен во позиција на суверен познавач на традицијата, како некој народен зналец, врховен шаман кој треба „да пресече“, да ги расчисти недоумиците што е „вистинска традиција“ и како треба да се празнува. Се сеќавам дека безмалку секој Божик, односно Бадник, кога станува збор за традицијата на месењето на обредниот леб во кој се става метална паричка, која по кршењето на лебот меѓу членовите на семејството, оној што ќе ја најде паричката се смета дека ќе го следи среќата во текот на целата следна година, новинарското прашање, кое е најверојатно поттикнато и од двоумењето на некои од граѓаните, е: „Кога навистина трба да се крши обреден леб со паричка? – За Бадник (05.01) или за Василица? (14.01. – кога според Јулијанскиот календар според кој МПЦ сѐ уште се раководи се прославува Новата Година). Се разбира дека одговорот кој би го протежирал едниот или другиот празник е проблематичен со оглед на тоа што во традициската култура

* Кога велам изумување, преосмислување или обновување на традицијата, во никој случај немам на ум дека кажам дека е тоа нешто лажно, непостоечко.

во едни краишта на Македонија тоа се правело на Бадник а во други на Василица. Низ овој пример може да се огледа обидот за „кодифицирање“ на празничниот јазик со што би се утврдиле одредени правила важечки за сите и за целата територија.

Од друга страна, вообичаено етнолозите се повикуваат да зборуваат за празниците наспроти или паралелно со свештениците. Многу често тоа се прави дури и во исти емисии, на исто место во исто време, со цел да се „спротивстават“ или „надополнат“, зависно од тоа како се толкуваат, нивните „стручни“ мислења. Од нив, најчесто се бара да зборуваат за традициските форми на празнување, кои најчесто отстапуваат од канонските форми на празнувања, такашто често се добива претстава дека етнолозите се апологети на традициските форми, а свештениците апологети на канонските правила за празнување согласно религиите на кои тие припаѓаат. Тука се поставува уште едно друго и многу важно прашање, ако свештениците на овој начин ја проповедаат религиската доктрина на сопствената вера, тогаш како би требало да се сфати настапот на етнолозите? Што тие проповедаат и кого бранат или треба да бранат?

Кога, пак, етнолозите ќе се најдат во ситуација да започнат анализа на суштината на празниците, на традицијата, евентуалното релативизирање на некои од „апсолутните“ вистини за нив, тогаш тие се претвораат во демистификатори на традицијата, луѓе кои сакаат да ја релативизираат „хармоничната слика“ за прастарата традиција, за „строгите и прецизни“ правила како луѓето треба да се однесуваат или да направат одредени работи. Често пати се обвинети за рушители на традицијата.

Прашањето, пак, за толкувањето на празниците како и за другите етнолошки и антрополошки појави, може да биде исто така толкувано како добра основа за употреба на интерпретативниот инструментариум во цели на културниот менаџмент со празниците. „Научниот дискурс“ на етнолозите и тоа како може да се користи во цели на менаџирање со секојдневното живеење, па и со празниците. Ќе спомнам дека сè почесто на различните прослави како, верски празници, исто така и на оние кои имаат политички карактер, етнолозите „им кумуваат“ со практикување „автентични“, „традиционални“ форми, иако во тој случај станува збор за организирање на општествени настани кои имаа своја јасно востановена структура, организациони одбори, стручни тела кои треба да ја утврдат и верификуваат валидноста на формите и на содржините. Тука етнолозите, сакале да признаат или не, имаат активно учество во процесот на креирање, преосмислување и општествено верификување на

традицијата, кој многупати во позадината има одредена политичка програма*.

### *Трансформација на празниците во Република Македонија од 1991 г. до денес*

Како што може да се забележи од претходно изнесените податоци, празничниот систем во Република Македонија минува низ доста динамичен процес на трансформација, која може да се следи на неколку различни нивоа. Прво, процесот на трансформација се случуваше и се случува на државно ниво со формално законско укинување или воведување на одредени празници кои во одредена општествено-политичка ситуација на државната администрација ѝ се чинат како несоодветни. Се разбира трансформацијата на празничниот циклус на ова ниво има силна позадина во владеењето на една (лева) или друга (десна) политичка ориентација во Македонија. Се разбира, под силно влијание на политичките центри на моќ, трансформацијата и промените на празниците се случуваат и на содржинско ниво, така што кај некои од празниците кои постоеја во минатото, а постојат и денес, настанаа промени во начинот и содржините на празнувањето. Во овој домен на промени, освен државните органи, односно политичките влијанија, важно влијание имаат религиските институции (Македонската Православна Црква (МПЦ) и Исламската Верска Заедница (ИВЗ) како претставници на двете најбројни верски заедници во РМ), како и некои интелектуални елити водени од идејата да се спротивстават на дневно-политичкиот карактер на динамиката на празниците, или пак оние, кои, согласно нивните политички убедувања, ги поддржуваат активностите на државата.

Од денешна перспектива доколку се набљудува официјалниот празничен календар на Република Македонија, може да се забележат три позначајни фази и неколку насоки на негова трансформација.

Прво, со распаѓањето на СФРЈ и создавањето на независна Македонија од официјалниот празничен календар се изоставија сите празници со кои се одбележуваше државноста на претходната држава, како и некои од празниците кои најексплицитно беа поврзани со социјалистичкиот општествен поредок. На тој начин требаше да се направи една диференцијациска линија помеѓу минатата и сегашната ориентација на државата, со јасна асоцијација дека се сака таквото минато што побрзо да се заборави. Се разбира, овој процесе не одеше

---

* Кога велам политичка (political) – не мислам најдиректно на политичките програми и нивното практично исполнување низ различни кампањи и други активности, туку мислам на културна политика (cultural policy) и менаџирање со културните добра, меѓу кои како многу значајни ги ставам и празниците.

толку брзо, зашто во првите години од самостојноста на Македонија сеќавањата на овие празници беа сè уште многу свежи, а за некои од нив некои сè уште се сеќаваат со носталгија. Се сеќавам дека многумина жалеа што веќе не се слави 29 ноември, Денот на државноста на СФРЈ, кој покрај останатото беше многу добро востановен и се совпаѓаше со многу активности од традициската култура на нашите народи (подготвувањето на зимниците, колењето на свињите и сл.). Во смисла на разгледување на динамиката на празничниот календар на законско ниво, интересно е да се спомене дека првиот Закон за празниците на РМ, како што споменавме претходно е донесен дури во 1998 г., што значи повеќе од седум години независна Македонија се владееше во празнувањето според регулативата на Социјалистичка Република Македонија (СРМ) и Социјалистичка Федеративна Република Југославија (СФРЈ) од 1965, 1972 и 1973 г.

Следователно, втората фаза од транформацијата на официјалниот празничен календар би ја определиле од донесувањето на нова законска регулатива со Законот за празниците на РМ од 1998 г. Со овој Закон, утврдени се државните празници на РМ: 2 Август – Денот на Републиката, 8 Септември – Денот на незавосноста и 11 Октомври – Денот на Народното востание, сите јасно имлицирајќи го одбележувањето на државноста на Македонија. Со одбележувањето на празникот 2 Август, кој освен тоа што се празнува како верски празник посветен на светецот пророк св. Илија, е ден на кој се одбележува започнувањето на востанието во 1903 г. против османската држава во Крушево, каде што е формирана и првата Крушевска Република и е донесен Крушевскиот Манифест во кој се повикуваат жителите на Македонија, без оглед на нација и вера, да се приклучат кон ослободителната борба за Автономска Македонија. На овој ден, во 1944 г. е одржано Антифашистичкото Собрание на Народното Ослободување на Македонија (АСНОМ) кога е и конституирано ова тело како врховно законодавно и извршно тело на Демократска Федерална Македонија во периодот од 1944 до април 1945 година, кога е преименувано во Народно Собрание на Македонија, поради што се прославува како ден на државноста на Р. Македонија. Тука треба да се спомене, дека празниците од типот на Илинден, кои требаше да ја слават и величаат државноста на Републиките, во контекстот на Југословенската федерација не беа многу пожелни. Напротив, во седумдесеттите години празниците од овој тип се осуетени како празници кои ги протежираат нациналистичките идеи на републиките, во овој случај на македонскиот национализам/либерализам (Димитиров: 1 август 1997 г.).

Празувањето на 2 август, односно двата Илиндена во периодот од 1991 година има своја специфична динамика, содржина и специфичности, за кои на ова место не е возможно да се елаборира детално. За овој

празник е карактеристично што може да се забележат значителни флуктуирања во празнувањето и одбележувањето во поглед на содржините па и локациите согласно динамиката на внатрешно-политичките случувања и промени на власта. Во зависност од ориентација на партијата на власт – лева или десна, која во наши околности се толкува низ повеќе варијанти, но главно, левите се идентификувани како понапредни, социјално-демократски, а другите, конзервативни, патриотски и националистички се менуваше и содржината и формите на празнувањето на празниците. Во случајот со Илинден, десноориентираните најчесто се определуваат за фаворизирање на Илинден од 1903 година, а другите на Илинден од 1944 година. На карактеристиките и содржините на празнувањето на Илинден, исто така, значително влијаеа и меѓународните односи на РМ со една од соседните држави, Србија. Имено, локацијата на одржувањето на Првото заседание на АСНОМ, Манастирот Св. Прохор Пчињски, со демаркацијата на државните граници меѓу Македонија и Србија, под досега непознати услови за македонската јавност, падна во границите на Србија. Така, локацијата, симболот на македонската државност, остана во границите на друга држава, како имот на Српската Православна Црква, со која Македонската Православна Црква има педесетгодишен спор околу прашањето за нејзиното прогласување автокефалност и издвојување од СПЦ. Поради овие причини СПЦ од средината на деведесеттите години започна да го проблематизира одбележувањето на празникот во Манастирот Св. Прохор Пчињски, да ги условува македонските државни власти, за на крајот да резултира со забрана за влез на македонските делегации во него. Ова беше повод, македонската страна, на оддалеченост од само неколку десесетини километри, но на територија на Македонија, во Пелинце да го изгради новиот меморијален центар каде ќе може достојно и непречено да се прославува 2 август. Така, празникот Илинден, често пати во последната деценија и половина, се претвори во празник на делби главно на политичка основа, повторни препрочитувања и толкувања на постарата и поновата историја на двата Илиндена.



Илинденски коњаници – дел од мизансценот на прославата на Илинден во Крушево*

Само за илустрација, тука ќе наведеме цитат објавен во еден од дневните весници во Македонија, „Дневник“, во кој за односот кон прославувањето на 100 годишнината од Илинденското востание, на Седницата на Одборот за одбележување на јубилејот, на кој присуствувал тогашниот престедател на РМ, г-динот Борис Трајковски, а кој се одржал зад затворени врати стои: „Беа искажани и ставови дека би било добро тој (се мисли на празникот, заб. Љ.Р.) да не се претвори во настан на делби врз историска основа или на партиско-политички лицитации. Затоа сите граѓани ќе се повикаат да имаат единствен однос на почит кон стогодишнината на македонската државност. Тука очекуваме придонес од политичките партии, владини и невладини организации, а најмногу од граѓаните. Сè она што ќе биде одбележувано како наши историски меѓници ќе биде дел од патот по кој Макеоднија оди европските интеграции - изјави претседателот Трајковски“ (Трајковски: 18 март 2006 г.).

* Фотографија на Велко Николоски, учесник на Конкурс за најдобра фотографија на Институтот за етнологија и антропологија, 2008 г.



Меморијален центар „Пелинце“, прослава на 2 Август, 2005 г.
(Press Online, 2 август 2005 г. )

Во втората фаза од трансформацијата на празничниот календар на РМ може да се забележи дека, во категоријата „празници на РМ“, во која влегуваат 1 и 2 Јануари – Нова Година и 1 и 2 Мај – Денот на Трудот, и покрај сѐ позначајно место на верските празници во секојдневиот живот, тие не се дел од официјалниот празничен календар. Доколку се чита Законот за празниците на РМ од 1998 година, во членот 4 се вели: Во Република Македонија се празнуваат и неработни денови се: првиот ден на Божиќ и вториот ден на Велигден за верниците од христијанска вероисповест, потоа првиот ден на Рамазан Бајрам и првиот ден на Курбан Бајрам за верниците од исламската вероисповест, како и првиот ден на Јом Кипур за припадниците на Еврејската заедница (Закон за празниците ... бр. 21/98 од 08.05.1998 г.).

Третата фаза од трансформацијата на празничниот календар на РМ го опфаќа периодот од 2007 г. па наваму кога е донесен Законот за изменување на Законот за празниците на РМ (Закон за изменување на Законот за празниците бр. 18/2007), при што натамошната анализа би требало да се набљудува во контекстот на случувањата во Македонија по воениот конфликт во 2001 г. и донесувањето на Рамковниот договор*, промените во Уставот на РМ и донесувањето на уште неколку важни, но за македонската јавност сѐ уште непознати документи или договори

* Рамковниот Договор е донесен и потпишан на 13. август 2001 година а се водеше под покровителство на тогашниот претседател на РМ, г-дин Борис Трајковски, а со кој се стави крај на воениот конфликт во Македонија. Со овој договор се „промовира мирниот и хармоничен развој на граѓанското општество, истовремено почитувајќи го етничкиот идентитет и интересите на сите македонски граѓани“. Со неговото донесување се пристапи кон амандмански промени на Уставот на РМ како и други промени во законската регулатива во Македонија. http://www.lsg-data.org.mk/Laws/Ramkoven%20dogovor.pdf.

помеѓу политичките субјекти (т.н. Мајски Договор*) кои, главно ги тангираат заедниците во Македонија. Со Законот за изменување на Законот за празниците, најпрво, значително се проширува списокот на државните празници во РМ, во кои освен дотогашните државни празници со фокус на одбележувањето на државноста на Републиката, се воведени уште и празникот: 24 Мај – „Св. Кирил и Методиј“ – Ден на сесловенските просветители, потоа празникот 23 Октомври - Ден на македонската револуционерна борба и 8 Декември – „Св. Климент Охридски“. Со воведувањето на двата религиозни празника, се настојува да се истакнат две значајни сфери од нашата традиција, првата е поврзана со распространувањето на словенската писменост како резултат на дејноста на браќата Кирил и Методиј и втората, нагласувањето на значењето на св. Климент Охридски како патрон и заштитник на Македонската Православна Црква и на Македонија како држава. Празникот 23 Октомври – Ден на македонската револуционерна борба, кој го означува денот кога во Солун во 1893 г. е основана Внатрешната Македонска Револуционерна Организација (ВМРО), чиишто наследници, според политичката и патриотска ориентација, се сметаат припадниците на повеќето различни политички партии во Македонија кои го носат предзнакот на ВМРО (пр. ВМРО-ДПМНЕ**, ВМРО-НП, ВМРО-македонска, ВМРО-ВМРО (вистинска) и др.). Предлогот од владеачката партија ВМРО-ДПМНЕ предизвика бројни полемики и дискусии во македонската јавност, кои главно се однесуваа на политизација на државните празници и злопутреба на моќта на партиите на власт.

Во категоријата „празници на Република Македонија“ се направени следните измени: Нова година се слави само на 1 Јануари, исто така и Денот на Трудот само на 1 мај. Во оваа категорија, се вклучени три најзначајни верски празника: два (Божик и Велигден) од христијанската религија и еден (Рамазан Бајрам) од исламската вероисповед.

---

* Станува збор за Договор од мај 2007 г. за кој сè уште не се знае дали постои во пишана форма или не помеѓу сегашниот премиер на РМ г-дин Никола Груевски и претседателот на Демократската партија за интеграција (ДУИ) и лидер на Ослободителната Армија на Албанците (ОНА) во конфликтот во Македонија во 2001 година, а со кој треба да се регулираат некои прашања во врска со албанската заедница во Македонија.

** ВМРО-ДПНЕ - Внатрешна Македонска Револуционерна Организација – Демократска Партија за Македонско Национално Единство, ВМРО-НП - Внатрешна Македонска Револуционерна Организација – Народна партија.



Прослава на Велигден, Соборен Храм „Св. Климент Охридски“, Скопје, 2008
(Блог Волан: http://volanskopje.blog.com.mk/node/152630)

Со цел да се ослика мултикултурниот и мултирелигискиот карактер на Македонија се празнуваат и се неработни денови поголем број датуми од христијанската и исламската религија, како и празници од значење за заедниците во Македонија, и главно имаат етнички предзнак: ден на албанската азбука, ден на настава на турски јазик, ден на еврејската заедница, празник на српската заедница, меѓународен ден на ромската заедница, национален ден на влашката заедница и меѓународен ден на бошњачката заедница (Закон за изменување на Законот за празниците... бр. 18/2007). Сите овие празници се прогласени за неработни денови за припадниците на заедниците.

Во оваа фаза, последнава година (2008 г.) во форма на граѓански активизам, но со силен предзнак на влијание на Владата на РМ (нејзино целосно покровителство и финансирање) еден ден, 12 март 2008 г., под мотото „Ден на Дрвото – Засади ја својата иднина“, стана безмалку државен, национален празник со транснационални карактеристики (многумина Македонци во други држави, на пр. Нов Зеланд, Британија, засадија дрвца вклучувајќи се во акцијата на нивната матична земја). Со одлука на Владата на РМ овој ден беше прогласен за неработен, за што, пак, граѓаните мораше да одработет еден следен неработен ден (сабота 15 март), а за „подигнување на нивото на граѓанска ангажираност“, Владата на РМ низ електронските медиуми во вид на движечки телоп, на доста популистички начин, ги повикуваше граѓаните да се вклучат во оваа акција, објаснувајќи притоа, дека целта на акцијата е „да се повиши нивото на свест“ кај граѓаните за животната средина и за сопствената

иднина. Согласно иницијативата на Иницијативниот одбор и целосна поддршка на Владата на РМ и многу други владини институции или други, а кои се под посредна или непосредна контрола на Владата на РМ, ја поддржаа иницијативата да се засадат онолку садници дрва колку што Македонија има жители, а на која учествуваа повеќе од 150.000 жители се засадуваше на вкупно 57 пунктови.



Највисоки претставници на религиските институции (МПЦ и ИВЗ) во Македонија како засадуваат дрва (Утрински весник, бр. 2635, 13 март 2008 г.)

Еве како познатиот оперски пеач Борис Трајанов, член на Иницијативниот одбор на оваа акција ја толкуваше симболиката на акцијата:

„Акцијата испрати една силна порака“, нагласува Трајанов, „дека ние во Македонија не сме поделени и искарани како што изгледа отстрана, напротив, многу сме единствени ако нè врзува добра идеја. Една од нив е и да ја исчистиме Македонија, која најверојатно ќе се реализира во иднина“ (Граѓански свет бр. 80, 2008).

Освен исклучително силната медиумска кампања во чијашто позадина насекаде можеше да се прочита и види логото на Владата на РМ, во „ритуализацијата“ на овој нов празник, кој треба да стане „традиционален“, значајно место имаа говорите на познатите медиумски и политички лица, а посебно место во оваа смисла имаше засадувањето на првото дрво, цреша, на гробот на скоро починатиот пеач Тоше Проески во Крушево. Овој настан беше инкорпориран како инаугуративен дел од овој нов празник на македонските граѓани, а исто така се вклупува и во процесот на меморизација и комеморизација на македонската поп ѕвезда која сè посигурно станува дел од македонскиот современ идентитет – Тоше Проески.



На гробот на пеачот Тоше Проески засадена цреша
(Утрински весник, бр. 2634, 12 март 2008)



„Македонија засади иднина“ – Премиерот на РМ, г-дин Никола Груевски засади дрвце (Премин Портал , 12 март 2008 г. www.preminportal.com.mk )

**Извори:**


Блог Волан, http://volanskopje.blog.com.mk/node/152630.

Граѓански свет, бр. 80, 2008.

Утрински весник, бр. 2634, 12 март 2008 г. (среда).

Утрински весник бр. 2635, 13 март 2008 г. (четврток).

Премин Портал , 12 март 2008 г. www.preminportal.com.mk.

Закон за државните празници на Социјалистичка Република Македонија, Службен весник на СРМ бр. 16/65 и 15/72.

Закон за празниците на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Службен весник на СФРЈ бр. 6/73.

Закон за празниците на Република Македонија, Службен весник бр. 21/98 од 08.05.1998 г.

Закон за изменување на Законот за празниците на Република Македонија, Службен весник бр. 18/2007.

**Користена литература:**

Димитиров Димитар, Духот на Илинден, Днвеник, 1 август 1997 г.

Трајковски, Илинден не е за партиско политички лицитации, Дневник бр. 2198, сабота, 18 март 2006 г.

Abeles Mark, Antropologija države, Biblioteka XX vek, Beograd 2001.

Čolovič Ivan, Politika simbola, Biblioteka XX vek, Beograd 2000.

Klaus Rot, Slike u glavama: Ogledi o narodnoj kulturi u jugoistočnoj Evropi, Biblioteka XX vek, Beograd 2000, 85-89.

Rihtman-Auguštin Dunja, Ulice moga grada: Antropologija domaćeg terena, Biblioteka XX vek, Beograd 2000.

Žirarde Paul, Politički mitove i mitologije, Biblioteka XX vek, Beograd 2000.